

# СЛАВЧО **СОКОЛОВСКИ**
# SLAVČO **SOKOLOVSKI**



*МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ*
*MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE*
*Скопје, јуни 1997*
*Skopje, June 1997*

# СЛАВЧО **СОКОЛОВСКИ**
# SLAVČO **SOKOLOVSKI**

*НА МОЈОТ ТАТКО*
*ЈОВАН СОКОЛОВСКИ*
*1928 - 1977*



*Инсталацијата "Чин", реализирана 1995 на изложбата Чифте амам во Скопје, внесе во делата на Славчо Соколовски некои нови идејни и пластични решенија кои по логиката на надоградба на иницијалните елементи има определено заокружување во објектите што се присутни на оваа негова најнова изложба во Музејот на град Скопје. Неа ја сочинуваат повеќе елементи кои подоцна, во некоја авторска елиминација, ќе се остварат како самостојни објекти или како детали ќе ги навестат неговите идни авторски преокупации и потреби. Мислам, пред сé, на трите клинови поединечно втиснати во три крстовидни дрвени плочи и употребата на готови материјали кои можеа да упатат на натамошната заинтересираност на Соколовски за предмети кои денес ги сместуваме во областа на етнологијата. Клиновите и крстовидните плочи беа употребени како синтетизирани икони но во подоцнешните дела тие ќе ја загубат оваа општост, изразувајќи ги противречностите и немирите на самиот автор. Ги споменувам, пред сé, поради тоа што Соколовски понатаму ретко ќе реализира инсталации но затоа ќе оствари сопствен мал универзум на форми и симболи реализирани како објекти.*

*Претходното негово творештво, поцелосно прикажано на изложбата во Музејот на современата уметност во Скопје во 1994 година, беше концентрирано на слики работени во еден многу лично сознаен и реализиран енформелен исказ формиран во духот на постмодерните струења во Македонија во осумдесетите години. Пластичните решенија на овие дела им даваат амблематичен изглед - чисти површини кои понекогаш добиваат или имаат тенденција да добијат геометриски форми, вметнување на метал во делови од сликите и едно особено лично остварување преку нијансите и структурите (од газа или други материјали) на белата паста.*

*Натамошниот тек на неговото творештво ќе се концентрира врз личното формулирање на еден поинаков модел на сликата-објектот (присутен во македонската ликовна уметност и во шеесетите години, а повторно актуелизиран при крајот на осумдесетите и во самиот почеток на деведесетите), а споменатите особености од претходниот период ќе се задржат или ќе варираат во еден поширок простор на можности во зависност од потребите на авторот. Употребата на металот ја задржува својата амблематичност (во некои остварувања тој е катализатор на тежненијата кон актуелноста), а белините од платната (освен како исклучок) ќе се преформулираат во нејзина спротивност - црна рапава површина која има тенденција на впивање на што повеќе светлина.*

*Определена новина во објектите што се работени од 1995 година до почетокот на оваа изложба е сведувањето на нивните контури на геометриски форми. Впечаток е дека во нивното формирање се употребени некои искуства од минимализмот од раните шеесети години. Оваа тенденција нема видни белези во неговото дотогашно творештво а претпоставувам дека минимализмот не го преокупира интересот на Соколовски повеќе од некоја вообичаена заинтересираност за овој влијателен правец од историјата на уметноста.*

*Локомотиви на моите картички, 1997*
*( Кат. бр. 6, детал)*
*Locomotive in My Postcards, 1997*
*(Cat. No 6, detail)*



*Клинови IV, 1997 ( Кат. бр. 2)*

*Во тој контекс контурите на овие влијанија може да се пронајдат во:*

*- струењата во ликовната уметност во деведесетите години кои актуелизираат доцномодернистички модели, меѓу нив и минимализмот, кој Соколовски ги прифаќа како дух на времето компатибилен со неговите лични определби, односно*

*- веќе изразениот афинитет во енформелните слики да вметнува геометриски форми во новосоздадената позиција се преформулира како негово остварување преку мајсторисувањето со материјалите да дојде до прочистени форми во кои дополнително се внесуваат елементи кои треба да формираат негова лична поетика.*

*Во поширока смисла постои извесна извртена симетрија во концепцијата на делата пред и после 1995 - внесување на ред во еден условно нестабилен модел кој барем во почетоците се доживува како израз на егзистенцијална криза, односно вметнување на некој вид на прикаска или желба на некој начин таа да биде наговестена во пластичен систем кој што во принцип тоа не го предпоставува.*

*И во двата случаи се наоѓаме во поле кое нема фиксирани симболички структури.*

*Со некои исклучоци Соколовски на оваа изложба презентира три свои преокупации - софри, шаржери и клинови. Интересно е што тој во овие дела мотивот го супституира на ниво на употребен материјал поточно на предмет кој треба да ги впие неговите духовни преокупации - софрите како интерес за традицијата, шаржерите како една општа рефлексија за состојбите на Балканот во првата половина на деведесетите години и клиновите како негова егзистенцијална тензија која има потреба од духовното.*

*Соколовски често напоменува дека работењето објекти му овозможува лично остварување преку мајсторисувањето со материјалот. Во оваа страст кон обликувањето тој создава некој свој процеп низ кој се пробиваат актуелностите, кои*



*Wedges IV, 1997 (Cat. No 2)*

*Соколовски не сака да ги избегне.*

*Но, исто како и пластичната структура на делата така и употребата на споменатата актуелност не е закотвена само на случувањата на кои треба да асоцира. Соколовски не издржува да не уфрли сопствени фасцинации и копнежи кои на некој начин општата драма ќе ја приближат до него. Трите црвени ленти од "No Comment" се преземени од морнарската униформа која некогаш ја носел, постојано бил фасциниран од пиштоли, локомотиви и разновидни метални машини, а софрите се поврзани со сеќавањата од неговата младост.*

*Веќе споменав дека делата поседуваат нагласена силуетност. Како објекти тие се остваруваат или создаваат меѓусебни односи со мултиплицирање (со броевите 2,3,9; понекогаш симболиката на броевите е вметната и во самите дела на пр. софри со 4 или 12 отвори итн.) или со ортогоналност која тие, како положба, ја носат во себе или меѓусебно се наоѓаат во таков однос. Последната карактеристика нуди можност објектите да бидат издвоени во три групи:*

*- објекти поставени на под (шаржери, кутии за пиштоли, топовски зрна; по некоја случајност тоа се дела кои имаат тенденција да создадат параболи за несигурност, страв од можни воени судири),*

*- објекти потпрени на ѕид (полусофри), и*

*- објекти закачени на ѕид (софри и клинови)*

*Ова е условна поделба без намера да вклучи симболички преплетувања помеѓу групите. Таа повеќе служи на идејата дека објектите се во динамичен однос со просторот во кој се наоѓаат, а во случај кога во него ќе се најдат повеќе вакви дела тие се во позиција на меѓусебен формален или симболичен дијалог.*

***Лазо Плавевски***



*Charge III, 1997 ( Кат. бр. 27)*
*Charge III, 1997 (Cat. No 27)*





No Comment, 1995 ( Кат. бр. 3)
No Comment, 1995 (Cat. No 3)



Софра V, 1996 ( Кат. бр. 14)
Sofra V, 1996 (Cat. No 14)

*The installation Act, realized in 1995 on the Čifte Amam exhibition in Skopje, has introduced in the works of Slavčo Sokolovski certain new conceptual and plastic solutions which, following the logic of the building up of initial elements, has a certain round about in the objects present on his newest exhibition in the Museum of the City of Skopje. It consists of several elements which are later, in an author's elimination, achieved as independent objects or as details announcing his future preoccupation and needs. I reflect on, before all, the three wedges independently inscribed in three cross-like boards and the use of ready materials which could point out to the future interest of Sokolovski for the objects which we today place in the field of ethnology. The wedges and the cross-like boards were used as synthesized icons but will loose the generality in the latter works, expressing thus the contradictions and the disturbances of the author. I mention them, before all, because Sokolovski will further on rarely realize installations but will therefore achieve a personal petite universe of forms and symbols realized as objects.*

*His previous art creation, more fully presented on the exhibition in the Skopje Museum of Contemporary Art in 1994, was focused on paintings that were executed in a very individually contemplated and realized enformel expression formed in the spirit of the Post-Modern currents of the eighties in Macedonia. The plastic solutions in these works of art bestow them an emblematic appearance - pure sufaces that some times receive or have a tendency to receive geometric forms, insertion of metal in the parts of the paintings and a specific personal achievement through the nuances and the structures (from gauze or other materials) on the white paste. He will further on in his creation concentrate on the personal formulation of a different model of the painting-object (present in the Macedonian fine arts in the sixties, and once more effectuated in the end of the eighties and in the very beginning of the nineties) where as the mentioned specifics of the past period shall be retained or shall vary in a wider space of possibilities depending on the needs of the author. The use of the metal retains its emblematic (in some achievements it is a catalyst of the tending towards the actuality), and the whiteness of the canvases (aside of being an exception) will be reformulated in its contradiction - black rough surface which has a tendency of absorbing light to the highest extent.*

*A certain novelty in the objects which were performed from 1995 up to the beginning of this exhibition is the reducing of their contours to geometric forms. The impression is that some experiences from the minimalism of the early sixties have been used in their forming. This tendency*



*Полусофра III, 1996 ( Кат. бр. 9)*
*Semi Sofra III, 1996 (Cat. No 9)*

*has no visible signs in his former creation and I presume that the minimalism does not preoccupy Sokolovski's attention more than some usual interest for this influential style of art history.*
*In that context the contours of these influences may be found in:*
*- the trends of the fine arts in the nineties which actualize the late modernist models, among them the minimalism, are accepted by Sokolovski as the spirit of the time compatible with his personal determinations, i.e.*
*- the previously expressed affinity to place geometric forms in the newly created position in the enformel paintings is reformulated as his achievement to arrive to pure forms, through the mastering with materials, in which elements are additionally inserted which should form his personal poetic.*
*In a wider sense there is a certain invert symmetry in the conception of the works before and after 1995.*
*The entering of order in a conditionally unstable model which at least in the beginning is felt as an expression of an existential crisis, i.e. the inserting of a certain kind of a tale or a wish in order for it to be announced somehow in a plastic system which it does not presume in principle.*
*In both cases we find ourselves in a field which does not have fixated symbolic structures. Sokolovski, with some exceptions, presents in this exhibition three of his preoccupations - Sofra (Oriental Table), Cartridge Clips, and Wedges. It is interesting that he substitutes the motive in these works on a level of used material more precisely to an object that should absorb his spiritual preoccupation - The Sofra as an interest for the tradition, the Cartridge Clips as a general reflection to the conditions on the Balkans in the first half of the nineties, and the Wedges as his existential tension which has a need for the spiritual.*
*Sokolovski often notes that the creation of objects enables his self- achievement through the mastering of material. In this passion towards the shaping he creates a personal aperture through which come forth the actualities he does not want to avoid.*



*На следната страници*
*Чувари на огнот, 1997 ( Кат. бр. 19)*
*The next pages*
*Guardians of the Fire, 1997 (Cat. No 19)*

*However, the plastic structure of the works of art, as well as the use of the mentioned actuality is not anchored only in occurrences to which it should be associated. Sokolovski enters his personal fascinations and longings which approach the general drama to him. The three red stripes of No Comment are acquired from the naval uniform which he once wore, he was constantly fascinated with guns, locomotives and heterogeneous metal machines, where as the Sofra is connected with memories of his youth.*
*I have already mentioned that these works of art have a stressed silhouette. As objects they are achieved or create mutual relations with multiplication (with the numbers 2,3,9; sometimes the symbolic of the numbers is inserted in the works of art e.g. Sofra with 4 or 12 holes etc.) or with orthogonality which they, as a location, carry in themselves or are mutually found in this relation. The last characteristic offers a possibility for the objects to be divided in three groups:*
*objects placed on the floor (Cartridge Clips, Pistol Boxes, Cannonballs, by some chance these are works of art which have a tendency to create parabolas for uncertainty, fear of possible military clashes),*
*objects leaned on the wall (Semi-Sofra), and*
*objects hooked on the wall (Sofra and Wedges)*
*This is a conditional division which has no intention of entering symbolic interweaving amidst the groups. It serves more the idea that the objects are in a dynamic relation with the space in which they are located, and in the case when several of these works of art are found in it they are related in a position of a mutual formal and symbolic dialogue.*

*Lazo Plavevski*







*Charge IV, 1997 ( Кат. бр. 16)*
*Charge IV, 1997 (Cat. No 16)*



*Arsenal, 1996 ( Кат. бр. 24)*
*Arsenal, 1997 (Cat. No 24)*



*Клинови V, 1997 ( Кат. бр. 10)*
*Wedges V, 1997 (Cat. No 10)*

Славчо **СОКОЛОВСКИ**

Роден во Скопје, 1958. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986.

Адреса: Пушкинова 9/1-4, 91000 Скопје, Република Македонија
тел. 389.91.23.63.94

**Самостојни изложби:**

1985 - Охрид, Дом на култура "Григор Прличев"; Т. Велес, "Ликовен салон"; Штип, Дом на култура "Ацо Шопов", Експресија во слика

1988 - Скопје, Галерија "25 Мај"

1994 - Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје

1995 - Прилеп, Центар за современа ликовна уметност

1996 - Битола, Уметничка галерија

1997 - Скопје, Музеј на град Скопје

**Селектирани групни изложби:**

1985 - Цавтат (Југославија), Изложба на македонски уметници, Хотел "Македонија"
- Скопје, Изложба на млади ликовни творци, Галерија "25 Мај"
- Кочани, Дом на културата "Бели Мугри"; Прилеп, Дом на културата "Марко Цепенков", Изложба на ликовни дела, стрип, карикатура и уметничка фотографија
- Белград (Југославија), Изложба на студенти од Факултетот за ликовни уметности, Галерија ФЛУ

1986 - Скопје, Во пресрет на младоста, Дом на ЈНА
- Скопје, 41. Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија "Скопје"

1987 - Скопје, Дипломирани студенти 1986/87, Дом на АРМ
- Скопје, 1. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ликовен салон на млади, Музеј на Македонија

1989 - Скопје, Скопско лето 89, Салон на ДЛУМ

- Риека (Хрватска), 15. Југословенско биенале на млади, Moderna galerija
- Сараево (Босна), Југословенска Документа '89, Скендерија
- Скопје, 2. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Изложба на млади ликовни творци, Дом на ЈНА

1990 - Херцег Нови (Југославија), 23. Херцегновски зимски салон, Галерија "Јосип Бепо Бенковиќ"
- Суботица (Југославија), Галерија "Ликовни сусрет"; Сомбор (Југославија), Галерија "Ликовна јесен", Примарност на пиктуралното, Крај на деценијата - време на синтеза
- Панчево (Југославија), Галерија "Олга Петров"; Зрењанин (Југославија), Савремена галерија, Нови движења во македонската ликовна уметност
- Скопје, 68 македонски уметници, Изложба - Мал формат, Галерија "Глам"

1991 - Скопје, Сликарството и традицијата, Уметничка галерија "Харфа"
- Скопје, 3. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Вашингтон ДЦ (САД), Изложба на 10 македонски уметници - Цртеж, The New Literature Art Salon "Pastarea"

1992 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
- Скопје, 9. Сликарство - Мал формат, Културно информативен центар
- Скопје, 1. Зимски салон, Уметничка галерија "Скопје"
- Куманово, Современи македонски сликари и скулптори (од колекцијата на Музејот на современата уметност - Скопје), Уметничка галерија

1993 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
- Скопје, 10. Сликарство - Мал формат, Културно информативен центар
- Битола, Ликовна колонија "Галичник" 1992-1993, Уметничка галерија
- Скопје, 4. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, 1893 ВМРО 1993, Уметничка галерија "Скопје"

1994 - Нирнберг (Германија), 7 уметници од Скопје, Македонија, Kunstbunker
- Дрезден (Германија), 7 уметници од Скопје, Македонија, Galerie im Kulturrathaus der Stadt Dresden
- Скопје, Антологија на македонската ликовна уметност 1894-1994, Музеј на современата уметност - Скопје

1995 - Скопје, Чифте Амам, Чифте Амам (Стара чаршија)
- Париз (Франција), 12 македонски современи сликари во Париз, SPADEM Parvi
- Скопје, 9 1/2: Нова македонска уметност, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
- Скопје, 12 македонски современи сликари во Париз, Уметничка галерија "Скопје"

1995/96 - Берлин (Германија), 5 уметници од Македонија, Medien Galerie

1996 - Скопје, Чифте Амам 2, Чифте Амам (Стара чаршија)
- Рим (Италија), Аспекти на современата македонска уметност, Pallazo "Ruspoli", Fondazione Memmo
- Подгорица (Југославија), Аспекти на македонската уметност денес, Центар за савремену уметност Црне Горе "Дворац Петровиќ"
- Горњи Милановац (Југославија), Четврто меѓународно биенале на уметноста на минијатура, Музеј Рудничко - Таковског краја
- Нови Сад (Југославија), Балкан Арт '96, Галерија САНУ
- Скопје, Медитеранскиот контекст на македонското сликарство и таписерија, Уметничка галерија "Скопје"
- Њујорк (САД), Македонска недела на младите и културата - Sence and Sensibility, Палата на ОН
- Скопје, Аквизиции 1986-1996, Музеј на современата уметност - Скопје

1997 - Љубљана (Словенија), Аспекти на македонската уметност денес, Mestna galerija
- Скопје, 6. Зимски салон на ДЛУМ, Уметничка галерија "Скопје"
- Загреб (Хрватска), Аспекти на македонската уметност денес, Tlovičevi dvori
- Лондон (Англија), Аспекти на македонската уметност денес, Riverside Studios

**Награди:**

1985 - Скопје, Изложба на млади ликовни творци, Награда за сликарство

1989 - Скопје, 2. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје, Откупна награда

1992 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, Музеј на современата уметност - Скопје, Откупна награда

1993 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, Уметничка галерија "Скопје", Откупна награда

1995 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски", Откупна награда

1996 - Горњи Милановац (Југославија), Четврто меѓународно биенале на уметноста на минијатурата, Прва награда за Mix media

1997 - Скопје, 6. Зимски салон на ДЛУМ, Уметничка галерија "Скопје", Награда "Петар Мазев" за сликарство



*Локомотиви на моите картички, 1997 ( Кат. бр. 6)*
*Locomotive in My Postcards, 1997 (Cat. No 6)*



*Скица III, 1996 ( Кат. бр. 23)*
*Sketch III, 1996 (Cat. No 23)*

Slavčo **S O K O L O V S K I**

Born in Skopje, 1958. Faculty of Fine Arts in Skopje, BFA 1986.
Address: Puskinova 9/1-4, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. 389.91.23.63.94

**Solo Exhibitions:**

1985 - Ohrid, Cultural Center "Grigor Prličev"; T. Veles, Art Salon; Stip, Cultural Center "Aco Šopov", Expression in the Image
1988 - Skopje, Gallery "25 May"
1994 - Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art
1995 - Prilep, Center for Contemporary Fine Art
1996 - Bitola, Art Gallery
1997 - Skopje, Museum of the City of Skopje

**Selected Group Exhibitions:**

1985 - Cavtat (Yugoslavia), Exhibition of Macedonian Artists, Hotel "Makedonija"
- Skopje, Exhibition of Young Fine Artists, Gallery "25 May"
- Kocani, Cultural Center "Beli Mugri"; Prilep, Cultural Center "Marko Cepenkov", Exhibition of Fine Artistic Works, Cartoon, Caricature and Art Photography
- Belgrade (Yugoslavia), Exhibition of the Students at the Faculty of Fine Arts, Gallery at the Faculty of Fine Arts

1986 - Skopje, To Meet the Youth, House of JNA
- Skopje, 41st Exhibition of DLUM, Art Gallery "Skopje"

1987 - Skopje, Graduated Students 1986/87, House of JNA
- Skopje, 1st Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, Art Salon of the Youth, Museum of Macedonia

1989 - Skopje, Skopje Summer 89, Salon of DLUM
- Rijeka (Croatia), 15th Yugoslav Youth Biennial, Modern Gallery
- Sarajevo (Bosnia), Yugoslav Documenta '89, Skenderija
- Skopje, 2nd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, Exhibition of Young Fine Artists, House of JNA

1990 - Hertseg Novi (Yugoslavia), 23rd Hertseg Novi Winter Salon, Gallery "Josip Bepo Benkovic"
- Subotica (Yugoslavia), Gallery "Likovni Susret"; Sombor (Yugoslavia), Gallery "Likovna Jesen", The Primes of the Picturesque, End of the Decade - Time of Synthesis
- Pančevo (Yugoslavia), Gallery "Olga Petrov"; Zrenjanin (Yugoslavia), Modern Gallery, New Movements in the Macedonian Fine Arts
- Skopje, 68 Macedonian Authors, Exhibition - Small Format, Gallery "Glam"

1991 - Skopje, The Painting and the Tradition, Gallery "Harfa"
- Skopje, 3rd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Washington DC (USA), Exhibition of 10 Macedonian Artists - Drawing, The New Literature Art Salon "Pastarea"

1992 - Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
- Skopje, 9th Painting - Small Format, Cultural and Informative Center
- Skopje, 1st Winter Salon, Art Gallery "Skopje"
- Kumanovo, Contemporary Macedonian Painters and Sculptors (from the collection of Skopje Museum of Contemporary Art), Art Gallery

1993 - Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
- Skopje, 10th Painting - Small Format, Cultural and Informative Center



*Arsenal, 1996 ( Кат. бр. 24)*
*Arsenal, 1997 (Cat. No 24)*



- Bitola, Art Colony Galičnik 1992-1993, Art Gallery
- Skopje, 4th Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, 1893 VMRO 1993, Art Gallery "Skopje"

1994 - Nurnberg (Germany), 7 Artists from Skopje, Macedonia, Kunstbunker
- Dresden (Germany), 7 Artists from Skopje, Macedonia, Galerie im Kulturrathaus der Stadt Dresden
- Skopje, Anthology of Macedonian Art 1894-1994, Skopje Museum of Contemporary Art

1995 - Skopje, Čifte Amam, Čifte Amam (Old Turkish Bath)
- Paris (France), 12 Macedonian Contemporary Artists in Paris, SPADEM Parvi
- Skopje, 9 1/2: New Macedonian Art, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
- Skopje, 12 Macedonian Contemporary Painters in Paris, Art Gallery "Skopje"

1995/96 - Berlin (Germany), 5 Artists from Macedonia, Medien Galerie

1996 - Skopje, Čifte Amam 2, Čifte Amam (Old Turkish Bath)
- Rome (Italy), Aspects of the Current Macedonian Art, Palazzo "Ruspoli", Fondazione Memmo
- Podgorica (Yugoslavia), Aspects of the Current Macedonian Art, Center for Contemporary Art of Montenegro "Dvorac Petrovič"
- Gornji Milanovac (Yugoslavia), 4th International Exhibition of Miniature, Museum of the Rudnik - Takovo Region
- Novi Sad (Yugoslavia), Balkan Art '96, Gallery of SANU
- Skopje, Mediterranean Context of Macedonian Painting and Tapestry, Art Gallery "Skopje"
- New York (USA), Macedonian Week of Youth and Culture - Sense and Sensibility, Palace of UN
- Skopje, Acquisitions 1986-1996, Skopje Museum of Contemporary Art

1997 - Ljubljana (Slovenia), Aspects of the Current Macedonian Art, Mestna galerija
- Skopje, 6th Winter Salon of DLUM, Art Gallery "Skopje"
- Zagreb (Croatia), Aspects of the Current Macedonian Art, Tlovičevi dvori
- London (England), Aspects of the Current Macedonian Art, Riverside Studios

**Awards:**

1985 - Skopje, Exhibition of the Young Fine Artists, Gallery "25 May", Award for painting

1989 - Skopje, 2nd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art, Purchased Award

1992 - Skopje, DLUM - Drawing, Skopje Museum of Contemporary Art, Purchased Award

1993 - Skopje, DLUM - Drawing, Art Gallery "Skopje", Purchased Award

1995 - Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski", Purchased Award

1996 - Gornji Milanovac (Yugoslavia), 4th International Exhibition of Miniature, Museum of the Rudnik - Takovo Region, First Award for mixed media

1997 - Skopje, 6th Winter Salon of DLUM, Art Gallery "Skopje", Award "Petar Mazev" for painting



*Приватна колекција, 1997 ( Кат. бр. 20)*
*Private Collection, 1997 (Cat. No 20)*

1. **Софра IV, 1996**
   графитен пигмент и олово на дрво, D = 38,5
1. **Sofra IV, 1996**
   graphite pigment and lead on wood, D = 38,5

2. **Клинови IV, 1997**
   железо, олово и тер папир на панел,
   2x(83x48)
2. **Wedges IV, 1997**
   iron, lead and tar paper on wooden plate
   2x(83x48)

3. **No Comment, 1995**
   графитен пигмент на дрво, тер папир,
   свилени ленти, олово, 300x150x150
3. **No Comment, 1995**
   graphite pigment on wood, tar paper, silk bands,
   lead, 300x150x150

4. **Метални звуци I, 1997**
   цинкова плоча и тер папир на панел, 46x39
4. **Metal Sounds I, 1997**
   zinc plate and tar paper on wooden plate, 46x39

5. **Метални звуци II, 1997**
   бакар, мермерен прав и восочна патина на
   панел, 46x39
5. **Metal Sounds II, 1997**
   copper, marble powder and wax coating on wooden
   plate, 46x39

6. **Локомотиви на моите картички, 1997**
   запчаник, лимена лента, разгледници, олово
   200x35x26
6. **Locomotive in My Postcards, 1997**
   gear, steel sheet stripes, postcards, lead, 200x35x26

7. **Софра XII, 1997**
   олово, масло и лак на дрво, D = 81,5 H = 26,5
7. **Sofra XII, 1997**
   lead, oil and lacquer on wood, D = 81,5 H = 26,5

8. **Софра VII, 1997**
   бакар, масло и лак на дрво, D = 54
8. **Sofra VII, 1997**
   copper, oil and lacquer on wood, D = 54

9. **Полусофра III, 1996**
   олово, пигмент, масло и лак на дрво
   65x160x20
9. **Semi Sofra III, 1996**
   lead, pigment, oil and lacquer on wood, 65x160x20

10. **Клинови V, 1997**
    железо, масло и лак на дрво, 3x(52x26,5x13)
10. **Wedges V, 1997**
    iron, oil and lacquer on wood, 3x(52x26,5x13)

11. **Полусофра II, 1995/96**
    олово и лак на дрво, 44x146x14
11. **Semi Sofra II, 1995/96**
    lead and lacquer on wood, 44x146x14

12. **Софра VIII, 1997**
    бакар, олово, масло и лак на дрво, D = 56
12. **Sofra VIII, 1997**
    copper, lead, oil and lacquer on wood, D = 56

13. **Софра IX, 1997**
    бакар, олово, масло и лак на дрво, D = 56
13. **Sofra IX, 1997**
    copper, lead, oil and lacquer on wood, D = 56



**14. Софра V, 1996**
олово, бакар и лак на дрво, D = 85
**14. Sofra V, 1996**
lead, copper and lacquer on wood, D = 85

**15. Метална линија, 1997**
олово, масло и лак на дрво, 268,5x7x8
**15. Metal Line, 1997**
lead, oil and lacquer on wood, 268,5x7x8

**16. Charge IV, 1997**
бакар, лим, пигмент, масло и лак на дрво, 13,5x80x19
**16. Charge IV, 1997**
copper, steel sheet, pigment, oil and lacquer on wood, 13,5x80x19

**17. Клинови II, 1996**
железо, лим, пигмент и лак на медиапан, 2x(30,5x25,5x12,5)
**17. Wedges II, 1996**
iron, steel sheet, pigment and lacquer on wooden plate, 2x(30,5x25,5x12,5)

**18. Полусофра I, 1995**
олово, масло и лак на дрво, 44x118x15
**18. Semi Sofra I, 1995**
lead, oil and lacquer on wood, 44x118x15

**19. Чувари на огнот, 1997**
тер папир, масло и мермерен прав на лим, бакар, железо, борина на под
150x300x60
**19. Guardians of the Fire, 1997**
tar paper, oil and marble powder on steel sheet, copper, iron and pine on the floor
150x300x60

**20. Приватна колекција, 1997**
гипсени рељефи во дрвени рамови
9x(23,5x34)
**20. Private Collection, 1997**
plaster relieves in wooden frames
9x(23,5x34)

**21. Скица I, 1995**
комбинирана техника на лим, 37,5x52
**21. Sketch I, 1995**
combined technique on steel sheet, 37,5x52

**22. Скица II, 1996**
комбинирана техника на лим, 37,5x52
**22. Sketch II, 1996**
combined technique on steel sheet, 37,5x52

**23. Скица III, 1996**
комбинирана техника на лим, 37,5x52
**23. Sketch III, 1996**
combined technique on steel sheet, 37,5x52

**24. Arsenal, 1997**
теракота во дрвени сандачиња
9x(33x36x20) / варијабилни димензии
**24. Arsenal, 1997**
terra-cotta in wooden boxes
9x(33x36x20) / variabil dimensions

**25. Charge I, 1995**
бакар, лим, пигмент и масло на панел, 47x388
**25. Charge I, 1995**
copper, steel sheet, pigment and oil on wooden plate
47x388

**26. Charge II, 1996**
лим, пигмент, масло и лак на панел, 56x168
**26. Charge II, 1996**
steel sheet, pigment, oil and lacquer on wooden plate
56x168

**27. Charge III, 1997**
месинг, лим и тер папир на панел, 45x166
**27. Charge III, 1997**
brass, steel sheet and tar paper on wooden plate
45x166




| | |
|---|---|
| Издавач | Publisher: |
| *Музеј на град Скопје* | *Museum of the City of Skopje* |
| Одговорен уредник | Editor-in-Chief |
| *Климе Коробар* | *Klime Korobar* |
| Организација на изложбата и текст во каталогот | Organization of the exhibition and Preface: |
| *Лазо Плавевски* | *Lazo Plavevski* |
| Биографија, изложби | Biography, exhibitions |
| *Документација на SCCA - Скопје* | *Documentation of the SCCA - Skopje* |
| Дизајн на каталогот | Layout |
| *Фросина Зафировска* | *Frosina Zafirovska* |
| Фотографии | Photographs |
| Марин Димески | Marin Dimeski |
| Превод на англиски | Translation: |
| *Мелентие Пандиловски* | *Melentie Pandilovski* |
| Печати | Printed by |
| *Скенпоинт / Laurens Coster* | *Scanpoint / Laurens Coster* |
| Реализација | Realization |
| *Музеј на град Скопје* | *Museum of the City of Skopje* |
| *јуни 1997* | *June 1997* |

*Изложбата и каталогот се реализирани со помош на:* *The exhibition and the catalogue were supported by the*
*Министерството за култура на Република Македонија* *Ministry of Culture of the Republic of Macedonija*
*Сорос Центарот за современи уметности - Скопје* *Soros Center for Contemporary Art - Skopje*


*Корица: Charge II, 1996 (Кат. бр. 26 -детал)* *Cover: Charge II, 1996 (Cat. No 26 -detail)*
*Внатрешна корица: Софра XII, 1997(Кат. бр. 7-детал)* *Under cover: Sofra XII, 1997(Cat. No 7-detail)*


CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје

73/75.036 (497.17) (06.064) Соколовски, С.
ISBN 9989-612-20-X


SCCA
Soros Center for Contemporary Arts - Skopje, Macedonia
Сорос Центар за современи уметности - Скопје, Македонија

Министерство за култура





МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE